**Агелопулос Георгиос**
**(Атина, Грција)**

# ИНТЕРНЕТ - ИЗВОРИ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ АНТРОПОЛОЗИ КОИ РАБОТАТ НА БАЛКАНОТ

*Айсшракш:* Во текот на последната деценија голем број академски институции низ целиот свет го користат Интернет за нивните образовни и истражувачки цели. Како резултат на оваа појава, на Интернет се достапни разновидни материјали: списанија, текстови, извештаи, етнографски изложби, библиографии и други наставни помагала, информации за институции кои се занимаваат со истражување и за нивните проекти, стипендии, академски размени, конференции, семинари, академски мрежи и групи за дискусија. Овој текст дава преглед на шеесет и седум одбрани веб - страници кои се однесуваат на проучувањата од областа на социјалната антропологија на Балканот, категоризирани како страници на: а) електронски списанија; б) академски и други институтции кои се занимаваат со истражување; в) текстови и библиографии достапни на Интернет; г) здруженија и невладини организации, и д) други Интернет-страници.

*Клучни зборови:* социјална антропологија, Балкан, Интернет, истражување.

Заеднички проблем на научниците кои работат на Балканот е комуникацијата со меѓународните академски кругови. Овој проблем има две страни: студентите и истражувачите од Балканот немаат секогаш регуларен пристап до меѓународната библиографија, а научниците кои работат надвор од Балканот понекогаш не се во состојба да ги прочитаат научните трудови на локалните балкански интелектуалци. Очигледно е дека за надминување на ваквите пречки се потребни пошироки социјални и политички промени, исто како и промена на рамнотежата на силите помеѓу академските институции (Strathern 1995, Carrier 1998). Сепак, обидите од помал обем, како што е користењето на мрежите за размена, организирањето локални конференции и употребата на новите технологии, можат да придонесат за подобрувањето на комуникацијата помеѓу луѓето и идеите.

Развојот на Интернет ни дава можност за пристап до академски материјали и воспоставување комуникација со други научници. Во текот на минатата деценија голем број академски институции се обидоа да го употребат Интернет за нивните образовни и истражувачки цели. Како резултат на овие обиди беа создадени многубројни веб-страници и електронски групи за дискусија, на Интернет-страници кои главно се базирани во Западна Европа и Северна Америка. Материјалот кој е вклучен на овие листи и веб-страници најчесто се однесува на моменталните наставни и истражувачки потреби на персоналот и на студентите на овие институции (Khan 1997; Porter 1997). Оттаму, овој материјал не би требало да се смета за замена на печатената литература (Collins 1996), туку како нејзино дополнување.[1]

И покрај горенаведените ограничувања, академскиот материјал кој е достапен преку Интернет е корисен извор, особено за оние кои немаат можност за постојани посети на доброорганизирани библиотеки. Овој текст е обид да се

---

[1] Неколку исклучоци преставуваат страници кои вклучуваат достапни онлајн - копии на класични антрополошки монографии, какви што се Интернет-страниците на LUCY и ERA.

презентираат 67 веб-страници кои се однесуваат на теми интересни за социјалните антрополози кои работат на и во врска со Балканот. При презентацијата на материјалите беше земена предвид воспоставената класификација на изворите целосно достапни на Интернет (Mc Cormack и Jones 1998). Материјалот го поделив на: а) електронски списанија, б) страници на академски и други истражувачки институции, в) страници со електронски списанија, библиографии и наставни програми, г) страници на здруженија и невладини организации и д) други страници. Ознаката *Електронски текстови* се однесува на страници со текстови кои можат да бидат презеени.

Овој обид да се претстават Интернет-изворите кои се во врска со социјално-антрополошките проучувања на Југозападна Европа е некомплетен поради повеќе причини. Најпрвин, јас главно се концентрирав на најчесто употребуваните јазици на Инернет, англискиот и францускиот. Второ, брзата промена на содржината на различните веб-страници, која е една од главните карактеристики на Интернет (Jones 1994; Sardar и Ravetz, 1996), наметнува временски ограничувања на каков било обид за следење на материјалот кој е достапен на мрежа. Трето, постојат ограничувања кои се наметнати од огромниот број на веќе постоечките извори. Европското здружение на социјални антрополози проценува дека постојат повеќе од 200000 веб-страници релевантни за социјалната антропологија.[2] Конечно, треба да биде јасно дека каков и да е список на Интернет-изворите кои се интересни за социјалните антрополози е, по дефиниција, арбитрарен. Интернет, како културален и социјален домен, самиот се има развиено во предмет на антрополошка анализа (Shields 1996), така што би можела да се брани тезата дека сé во електронскиот свет е од интерес за антропологијата.

Целта на овој текст не е детаљна анализа на материјалот, стилот и на структурата на подолу споменатите веб-страници. Сепак, некои генерални коментари би можеле да му бидат од корист на читателот. За почеток, поголемиот број академски ориентирани Интернет-извори не ја претставуваат авангардата на презентациите кои се достапни на Интернет. Со други зборови, универзитетите и другите истражувачки институции, здруженија и невладини организации го организираат материјалот на нивните страници прилично конвенционално по стил и по структура (Mc Cormack и Jones 1998). Ова е карактеристика и на повеќето веб-страници опишани подолу. Како резултат на ова, ограничен број од нив се организирани на начин кој нуди напредни интерактивни функции. Забележителни исклучоци се Интернет-страниците на LUCY, Ur-list, VTS, GESIS и на SOSIG. Не е случајно што истите Интернет-страници ги содржат најголемите бази на податоци поврзани со општествените науки, кои се бесплатно достапни на Интернет.

Прашањето за интерактивноста не е релевантно само кога е во прашање структурата на материјалот кој се нуди, туку и кога е во прашање стилот на текстовите достапни на Интернет (Porter 1997). Вреден за издвојување е интерактивниот стил на текстовите на П. Тренор (P. Treanor), кои можат да се најдат на неговата страница. Есеите на Тренор во рамките на текстот вклучуваат многубројни Интернет-врски. Ова му овозможува на читателот директен пристап до авторовата библиографија и до други извори.

Степенот на достапност се разликува од една до друга Интернет-страница. Како што наведува Холбрук, "информациите на некои (од страниците) им се достапни само на искусните читатели и пребарувачи. Освен тоа, обезбедувачите на услуги честопати бараат од корисниците да се регистрираат. Сепак, изгледа дека постои пораст на оние обезбедувачи на услуги на Интернет кои на истражувачите од областа на општествените науки им нудат целосни текстови.

[2] Оваа проценка е преземена од страницата на EASA.

Со оглед на тоа што тие ги заменуваат публикациите кои порано се наплаќаа, мали се изгледите дека обезбедувачите на информации ќе даваат вакви услуги бесплатно" (Holbrook, 1998). Ниту една од Интернет-страниците која е опишана подолу не наплаќа за материјалот кој е целосно достапен, но некои од нив вклучуваат врски кои нудат услуги за одреден надомест (на пример книги или друг вид нарачки).

Што се однесува до различните универзитетски Интернет-страници и Интернет-страниците на истражувачките институции, изгледа дека материјалот на нив најчесто е информативен и следи одредена слична шема, односно вклучува презентација на истражувачки проекти, на персоналот, наставните програми, распоредите и практични информации (огласи, стипендии). Единствениот исклучок меѓу Интернет-страниците кои следат е Интернет-страницата на Институтот "Макс Планк", каде што читателот може да најде исцрпна и теоретски документирана анализа на некои од целите и приоритетите на активностите на оваа институција.

Конечно, вреди да се споменат и некои експериментални обиди за презентирање на етнографскиот материјал. Меѓу избраните Интернет-страници, Интернет-страницата на ИАФР со етнографски изложби, Интернет-страницата на B. Schwimmer која содржи податоци за сродството, Интернет-страницата на D. A. Kideckel, на D. Heller и на етнографската изложба Месимврија претставуваат алтернативни презентации на етнографски податоци кои се целосно достапни на Интернет.

**а) Електронски списанија**

**www.ethnology-dep.org**

"ЕтноАнтропоЗум" е професионално списание на Заводот за етнологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република Македонија, и е поддржано од Институтот "Отворено Општество", Македонија. Списанието нуди целосно достапни текстови, како и кратки аудиоилустрации и видеоилустрации од полето на етнологијата, социјалната култура, лингвистиката и на теоретската антропологија.

**vaxca1.unica.it/europaea/**

Интернет-страница на електронското списание "Europaea". Еуропаеја се фокусира на проучувања кои генерално можат да се дефинираат како "Европска етнологија". Објавените текстови вклучуваат значајни прилози за антропологијата на Европа. Целта на ова списание не е објавувањето само на теоретски и методолошки текстови, туку особено на трудови кои вклучуваат интеревропски споредби и анализи (или стимулативни споредби и анализи), како и кратки монографии за европските народи или региони. Сите текстови можат да се преземат (електронски статии).

**www.depaul.edu/~rrotenbe/aeer/**

Интернет-страница на најзначајното антрополошко списание кое се фокусира на Источна Европа - "**Anthropology of East Europe Review". **Најголемиот број текстови можат да бидат преземени (електронски статии) со употреба на програмата *Акробат*. Проверете ги интересните врски до SOYUZ (Истражувачка мрежа за постсоцијалистички културни проучувања).

**www.replika.c3.hu**

"Реплика" е унгарско списание од областа на општествените науки, кое излегува четирипати годишно и кое ја поддржува интелектуалната дискусија и интердисциплинарниот дијалог помеѓу различните општествени науки. Поголемиот број изданија излегуваат на унгарски јазик, но списанието, исто така,

објавува 3 посебни броја на англиски, при што поголемиот број текстови се целосно достапни на Интернет. Овие специјални броеви допираат теми кои не се однесуваат само на Унгарија, туку и на остатокот од Централна и Источна Европа. Темата на првиот број е "Колонизација или партнерство? - Источна Европа и западните општествени науки". Бројот 2 се однесува на "Двосмислените индентитети во нова Европа", а бројот 3 ја испитува "Централноевропската хистерија".

**www.nbu.bg/iafr/**

На Интернет-страницата на ИАФР (види подолу) следете ја врската *надвор и во колективните текстови во руралните заедници на поранешниот советски блок.* Ова е прво антрополошко списание објавено во Југоисточна Европа и прво ислучиво антрополошко списание кое се објавува во Бугарија. Од 1998 година ИАФР почна со објавување на електронско списание и досега се објавени три броја. Објавените текстови се однесуваат на различни аспекти на животот на бугарските помаци, туристичката размена помеѓу Турција и Бугарија и на користењето на земјата во постсоцијалистичка Бугарија (електронски списанија).

**www. chez.com/balkanologie/**

Веб-страницата на списанието "Балканологија", кое објавува текстови кои се однесуваат на Југоисточна Европа. Иако поголемиот број студии се интердисциплинарни, посебно внимание им се посветува на историските, политиколошките и социолошките анализи. Поголемиот број материјали се на француски и Интернет-страницата нуди само резиме на објавените текстови.

**home.olemiss.edu/~mldyer/balk/**

Списанието "Балканистика", поддржано од СЕЕСА (види подолу) и Универзитетот во Вашингтон, објавува текстови од која било дисциплина која ги допира балканските теми. Можат да се презеат ограничен број текстови (целосно достапни текстови). Интернет-страницата презентира комплетен список на сите изданија и на нивната содржина.

**www.anthro-globe.com**

Списанието "Антро-Глоб" претставува иницијатива за проширување на електронската комуникација во антропологијата. Основано во 1996 година, "АнтроГлоб" објавува текстови кои се целосно достапни, соопштенија, дискусии, библиографии, конференциски извештаи и критики.

**lucy.ukc.ac.uk/CSACSIA**

Поголемиот број од текстовите кои се објавуваат во "Списанието за информации во врска со употребата на компјутерите во антропологијата", а кое го објавува Универзитетот во Кент (ВБ) се целосно достапни доколку ги следите врските на овие Интернет-страници. Материјалот во ова списание на читателот му нуди можност да се запознае со образовните апликации на Интернет, со посебен акцент врз антропологијата.

**www.univie.ac.at/voelkerkunde/theoretical-anthropology**

"Теориска антропологија" е електронско списание на Виенскиот универзитет. Последниот број е објавен во 1997 година (текстовите се целосно достапни).

**wings.buffalo.edu/academic/department/anthropology/jwa/**

Списанието "Светска антропологија" ("World Anthropology") е електронско списание кое го објавува Универзитетот од Бафало (САД). Тоа е посветено на проучувањата од сите области на антропологијата и објавува текстови кои претставуваат академски истражувања, теми од областа на теоријата и методологијата, образованието, како и критики на книги, програми и филмови. Досега се објавени четири броја и целата нивна содржина може да се преземе (текстовите се целосно достапни).

**kennedy.soc.surrey.ac.uk/socresonline**

Интернет-страница на интересното списание "Списание за социолошки истражувања", кое е целосно достапно (го објавува Универзитетот во Сиреј, Велика Британија). Сите текстови можат да се преземат. Некои од текстовите се однесуваат на земјите во Југоисточна Европа.

**www.columbia.edu/cu/sipa/REGINAL/ECE/intermar.html**

"Интермариум" е првото електронско списание во врска со источноевропската и централноевропската повоена историја и политика, поддржано од Институтот за политички проучувања на Полската академија на науките и Центарот при Колумбискиот универзитет за Источна и Централна Европа. Списанието има за цел да го проширува дискурсот кој се однесува на различните аспекти на националните истории, кои трпат промени благодарение на откривањето нова документација од неодамна отворените архиви. Освен објавените броеви на списанието (текстови кои се целосно достапни), Интернет-страницата на "Интермариум" содржи најави за конференции, критики на книги и список на врски.

**www.ssees.ac.uk/slovo.htm**

Интердисциплинарно списание за руски, евроазиски и источноевропски прашања, целосно достапно,, кое го објавуваат постдипломците на училиштето за словенски и источноевропски студии, UCL во Лондон. Поголемиот број текстови се однесуваат на антрополошки, економски, историски, меѓународни, лингвистички, политички и социолошки прашања ( текстовите се целосно достапни).

**www.newbalkanpolitics.org.mk**

Интернет-страница на мултидисциплинарното електронско списание од областа на општествените науки, поддржано од Универзитетот во Скопје, Република Македонија. Тоа покрива теми од областа на политичката теорија и меѓународните релации (безбедност, одбрана, етно-политички конфликти итн.) во Република Македонија и на Балканот (текстовите се целосно достапни).

**193.175.239.210/en/publications/magazines/newsletter_eastern_europe/index.htm**

Електронското списание "Општествени науки во Источна Европа", кое го објавува ГЕСИС (види подолу) на германски и на англиски јазик, содржи актуелни информации во врска со институтите од областа на општествените науки кои се фокусираат на истражувањата во Источна Европа, а обезбедува информации и во врска со содржините на најважните списанија од областа на општествените науки (во одделни случаи исто така и презентации на особено релевантни статии) кои се однесуваат на Источна Европа, кратки есеи во врска со специфични прашања кои постојат во рамките на источноевропските општествени науки (текстовите се целосно достапни), референци за монографии или студии, истражувачи, бази на податоци, информации во врска со научни друштва и конференции.

**umbc.edu/eol**

Интернет-страницата "Етномузикологија" која е целосно достапна, го следи форматот на електронските списанија и објавува текстови, критики на книги и компакт -дискови кои спаѓаат во областа на етномузикологијата (текстовите се целосно достапни). Во ова списание беа објавени и поголем број текстови во врска со Грција и со Италија.

**www.muspe.unibo.it/m&a/index.htm**

"Музичка антропологија на Медитеранот и надвор од него". Мултимедијално интерактивно списание, основано од студиската група "Антропологија на музиката во медитеранските култури", која постои во рамките на Меѓународниот совет за традиционална музика. Интернет-страницата ги вклучува текстовите објавени во сите досегашни изданија (текстовите се целосно достапни), вести од студиската група и врски.

**б) Интернет-страници на академски и на други истражувачки институции**

**lucy.ukc.ac.uk/**

Ова е првата антрополошка страница на Интернет и една од првите 400 веб-страници низ целиот свет. Веројатно најважната Интернет-страница за сите антрополози кои работат во Европа со екстензивнен, корисен и доброорганизиран материјал. Интернет-страницата му припаѓа на Центарот за социјална атнропологија и компјутерски науки на Универзитетот во Кент. Етнографската галерија на овој Центар вклучува интернет-страници со разновидни информации во врска со неговите извори за антрополози, целосно достапни текстови за антрополози, информации за проектот "Искусете ја богатата антропологија" - целосно достапни едукативни материјали, "Антропологија денес" на Британскиот кралски антрополошки институт и неговиот календар на настани (кој се обновува секој месец), архивите на Пол Стирлинг, класичната етнографска интернет-страница "45 години турско село" и врски до други антрополошки страници и извори. Голем дел од материјалите вклучени на овие страници се интересни за антрополозите кои работат на и во врска со Балканот. Етнографската галерија овозможува пребарување по библиографските бази на податоци. Најкорисни од нив се: "Антрополошкиот индекс", он-лајн поддржан од Британскиот кралски антрополошки институт и базата на податоци на антрополошките тези во Велика Британија (со резиме на докторските тези). Етнографската галерија овозможува директни врски до повеќето антрополошки организации во ВБ и во универзитетските одделенија.

**www.eth.mpg.de**

Интернет-страница на Институтот за социјална антропологија "Макс Планк" (со седиште во Хале, Германија), кој организира широки, лонгитудинални и висококвалитетни истражувања во Источна Европа, со посебен акцент на компаративното проучување на сопственичките односи. Можно е да се прочита генералниот опис на целите на Институтот, организациите и проектите, да се добијат информации за евентуалните слободни работни места за истражувачи, идни конференции и проекти. Иако Интернет-страницата не вклучува текстови кои се целосно достапни, широката и теоретски документирана анализа на работата на Институтот нуди многу податоци за разбирање на антрополошките истражувачки методи.

**www.nbu.bg./iafr/**

Интернет-страница на Институтот за антрополошка теренска работа (ИАФР), кој своите активности ги насочува кон полето на високото образование

и истражувањето. ИАФР има ранг на одделение на Новиот бугарски универзитет во Софија и е меѓу ретките исклучиво антрополошки истражувачки институции во Југоисточна Европа. На интернет-страницата на ИАФР најзначајни Интернет-страници се: 1) врската до БСРЦС (види подолу); 2) вритуелното списание надвор и во колективните текстови во руралните заедници на поранешниот советски блок (види погоре); 3) ИАФР едукативни врски, и 4) истражувачки врски (знаци, текстови и дискурси - бугарски Турци, бугарски муслимани, помаци и Роми), трговските маршрути во рамките на просторот и на границите на истиот (трговија и туризам), праксис (бугарските муслимани како малцинство), мрежи на сродство, Сами, Коми, Ненети и Померани - сточари во севернозападна Русија, Арктичка програма). (текстовите се целосно достапни). БСРЦС/ИАФР има извршено шест експедиции во рускиот Арктик (1994-1999 година) и многубројни теренски истражувања во Бугарија. Секое лето организира летни школи за студенти и практиканти од областа на антропологијата.

**193.175.239.210/en**

Корисна Интернет-страница на "Германскиот инфраструктурен сервис за општествени науки" (ГЕСИС), поддржан од Универзитетот во Колоњ. Тој ги вклучува следниве податоци: литература и истражувачки информации, сервис на информации и архивирање, социјален мониторинг, методи на консултација, истражување и развој, програми - публикации, списанија, информации, списание на Источна Европа, работни и истражувачки извештаи, статии и монографии (текстовите се целосно достапни), ГЕСИС библиотеки, збир на врските Socio-Guide, списание на општествените науки во Источна Европа.

**www.portail.culture.fr/sdx/pic/culture/int/rubrique.xsp?id=c731**

Една од официјалните француски академски Интернет-страници за социјална антропологија (дел од Интернет-страницата "L`Internet Culturel". Вклучува информации за публикации, стипендии, истражувачки институции и организации, целосно достапни извори, целосно достапни етнографски галерии и овозможува директна врска до Интернет-страницата на "Muse d'ethnologie". Различните Интернет-страници и врски му се поврзани со антрополошките истражувања во Југоисточна Европа.

**www.therai.org.uk**

Интернет-страница на Британскиот кралски антрополошки институт, една од најетаблираните антрополошки институции во светот. Информациите и материјалот на ова Интернет-страница се прилично обемни и вклучуваат: информации во врска со институцијата, правила на зачленување и членарина, публикации и списанија ("Man", "Anthropology today"), врски, пристап до AIndex Online, информации во врска со антрополошките одделенија и истражувачките институти во ВБ, информации во врска со Етнографските филмски архиви на Институтот, етнографска фотобиблиотека, цени, грантови, стипендии, награди и фондови.

**sosig.esrc.bris.ac.uk/roads/subject-listing/Europe-cat/ethno.html**

Интернет-страница на British Social Science Information Gateway (SOSIG), која се однесува на "Етнологија, етнографија и антропологија". Ова е доброорганизирана Интернет-страница со директни врски до скоро сите најзначајни антрополошки Интернет-страници и институции во ВБ. Содржините вклучуваат: конференции, курсеви, одделенија, биографии, извори според видот на статиите/текстови/извештаи (збирки), статии/текстови/извештаи (индивидуално), библиографски бази на податоци, книги/книжни еквиваленти, образовни материјали, списанија (содржини и апстракти), списанија (комплетен

текст), листи на е-пошта, групи за дискусија, организации/здруженија, референтни материјали, истражувачки проекти/центри, водичи на извори.

**www.pscw.uva.nl/sociosite/topics/anthropo.html**

Интернет-страница за социјална и културна антропологија на Универзитетот во Амстердам. Вклучува: генерални извори, сајберантропологија, здруженија, групи за дискусија, списанија, именици, музејска мрежа, социолошка мрежа, психолошка мрежа, економска мрежа.

**www.csv.warwick.ac.uk/fac/soc/CRER_RC**

Центарот за истражување на етничките релации на Универзитетот од Ворик е главно академско текло во ВБ за истражувачки и образовни прашања, како, на пример, за расизамот, миграциите и за етничките релации. ЦРЕР Изворниот центар е основан од Британскиот совет за економски и општествени истражувања и Универзитетот од Ворик. Неговата Интернет-страница вклучува програми во ЦРЕР, образовни и истражувачки степени и звања, настани, конференции и семинари и обезбедува пристап до две важни бази на податоци: британската архива за национални малцинства и базата на податоци во кои се вклучени извори кои се однесуваат на етнички релации (цитати од брошури, извештаи и текстови од списанија) (текстовите се целосно достапни). Интернет-страницата, исто така, овозможува целосен пристап до некои од класичните публикации на Џон Рекс.

**www.ucis.pitt.edu/reesweb/**

Виртуелната библиотека на Интернет-страницата за руски и источноевропски студии е поддржана од Центарот за руски и источноевропски студии и Универзитетскиот центар за меѓународни студии на Универзитетот во Питсбург (САД). Интернет-страницата вклучува конференции и соопштенија за стипендии како и база на податоци со интернет-врски организирани според тема, гегорафски регион, култура и временски период.

**www.usc.edu/dept/e-lab/urlist**

Интернет-страницата на "Ур-Лист: веб-извори за визуелна антропологија" е создадена од страна на П. Биела (Државен универзитет Сан Франциско, САД) и овозможува веб-пребарувања со вкрстено индексирање на 375 антрополошки Интернет-страници според категории на информации кои тие ги содржат. Овој вид пребарување дава подобри резултати отколку повеќето водичи низ веб-изворите. На Ур-листата, до интернет-страниците може да се пристапи во согласност со 22 предметни категории. Ур-листата главно се однесува на визуелната антропологија, но исто така содржи и други информации во врска со: 1. Одделенија, организации; 2. Разговори, групи за дискусија; 3. Како да контактирате со одредени лица; 4. Веб-страници; 5. Визуелни етнографии; 6. Музеи и архиви; 7. Аудио-визуелни збирки; 8. Фотографски збирки; 9. Уметнички збирки; 10. Мултимедијални збирки; 11. Други инспиративни страници; 12. Народи во изумирање; 13. Есеи: електронски медиуми; 14. Есеи: антрополошки (текстовите се целосно достапни); 15. Печатени библиографии; 16. Електронски списанија; 17. Конференции, фестивали; 18. Извори на финансирање; 19. Настава по антропологија; 20. Истражување и теренска работа; 21. Бази на податоци, пребарувања; 22. Електронски технологии, 23. Алфабетски списоци на сите Интернет-страници на Ур-листата. Интернет-страницата, исто така, презентира триесет наставни програми кои се однесуваат на визуелната антропологија и на ААА (види подолу) дигиталната визуелна антрополошка работилница.

**psych.upenn.edu/sacsec/online/bib_con.htm**

Интернет-страница на Центарот "Соломон Аш" на Универзитетот во Пенсилванија (САД), која посветува посебно внимание на психолошкото истражување и обука во областите како што се конфликтите меѓу етничките групи и насилството. Интернет-страницата обезбедува информации во врска со активностите на Центарот, летен институт за обука, истражувачки проекти, конференции и програми за обука (вклучувајќи ги и текстовите кои се целосно достапни). Интересна е "Библиографијата на најзначајните дела во врска со етничкиот конфликт и национализмот во социологијата и политичките науки", која е подготвена од страна на А. Итон и Д. Чирот (види ги врските). Некои од активностите на Центарот се фокусираат на Југоисточна Европа.

**www.Ercomer.org/wwwvl/index**

Европскиот центар за истражување на миграциите и етничките релации (ERCOMER) е универзитетски институт кој е посветен на проучувањето на миграциите и на етничките односи на европско ниво. Неговата Интернет-страница содржи информации во врска со активностите на Центарот, истражување, публикации и истражувачки текстови, содржини и апстракти на списанието "Нова заедница". Интересно е да се посети *Виртуелната библиотека* на Интернет-страницата за миграции и етнички релации (база на податоци со информации за миграции и етнички релации во Европа).

**www.ekke.gr**

Интернет-страница на Грчкиот национален центар за социјални истражувања. Информациите на оваа Интернет-страница се однесуваат на организацијата на Центарот и неговата структура, активности, истражувачки проекти, услуги, врски и соопштенија во врска со идните активности. Интернет-страницата дозволува пристап до многубројни бази на податоци во врска со истражувачки проекти во Грција и во ЕУ.

**www.nationalismproject.org**

Проектот "Национализам" е извор за проучување на национализмот поддржан од Е. Зуелов од Универзитетот во Висконсин - Медисон (САД), кој е целосно достапен, а е уреден во консултација со меѓународен комитет на експерти од оваа област. Интернет-страницата содржи голема збирка на материјали кои се однесуваат на проучувањето на национализмот, вклучувајќи: есеи, статии (текстовите се целосно достапни), дисертации, апстракти на книги и критики, библиографии според темата, библиографии на над 1100 статии, соопштенија за конференции, рокови за предавање на текстови и врски до извори во врска со национализмот.

**www.eled.auth.gr/reds/index-gr.htm**

